Врз основа на членовите 33, 34, 35, 41, 44, 45, 49, 113, 122, 123, 124, 125, 129, 131 од Закон за основно образование , (*Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година*) и членовите 14, 15, 16, 17, 18, 19, 24, 26, 27, 28, 42, 44, 45, 47, 50, 52, 54 од Законот за наставници и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година).

# ПРАВИЛНИК – ПРОЦЕДУРА
# За наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ - Центар, Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Целта на донесување на овој правилник е да се оддаде признание за постигнатите успеси на наставниците и стручните соработници во нивната работа и позитивно да се стимулира развивањето и унапредувањето на воспитно – образовната работа преку наградување и пофалување.

### Член 2

Со овој Правилник се уредуваат:

1. Постапката за номинирање и критериумите за наградување и пофалување на наставниците и стручните соработници за нивното работење и афирмирање на училиштето.
2. Видот на награди за избраните наставници и стручните соработници.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Член 3

Изборот на наставници и стручни соработници за наградување и пофалување во ООУ „**Свети Кирил и Методиј**“ - Центар, Скопје се изведува по пат на рангирање на пријавените кандидати во две категории:

А) наставници и

Б) стручни соработници.

### Член 4

За целите на вршење на изборот, во училиштето се формира Комисија за рангирање на кандидатите за наградени и пофалени наставници и стручни соработници (во понатамошниот текст Комисијата).

**Член 5**

Комисијата е составена од:

- Претседател на комисијата: стручен соработник/наставник;
- Членови: директор,наставник ментор, одделенски наставник и предметен наставник.

**Член 6**

Членовите на Комисијата од редот на наставниците и стручните соработници ги избира/предлага Директорот на училиштето и ги соопштува на Наставничкиот совет (тие не треба да се пријавени како кандидати за истоимениот конкурс).

**Член 7**

Комисијата распишува Конкурс за пофалување и наградување на наставници и стручни соработници на крајот на месец мај, а изборот завршува на крајот на наставната година.

**Член 8**

Кандидатите за пофалени и наградени наставници или стручни соработници може да бидат предложени:

1) самоиницијативно;
2) од страна на одделенски/предметен наставник, стручен соработник.

**Член 9**

Кандидатот за пофален и награден наставник, стручен соработник треба да ги поднесе потребните документи до Комисијата во предвидениот рок за конкурирање наведен во конкурсот објавен на веб страната на училиштето и на огласна табла.

**Член 10**

Номинирањето на кандидатите наставници за наградување и пофалување на работата се вреднуваат по следниве **Критериуми**:

ул.1737 бр.1, Центар-Скопје, Република Северна Македонија, тел (02) 3164357,
факс (02) 3213799 е-пошта oukimsk@yahoo.com

1. Учество (како слушател) во интерни и надворешни работилници, обуки, семинари и конференции и друг вид на настани за професионален развој (докази: сертификати, потврди, дипломи, листа за присуство, договор за учество во проект).

2. Држење обука/предавање за дисеминација на обуки, семинари, вебинари и сл. настани за професионален развој задолжително на ниво на училиште, а може и пошироко (докази: сертификати, извештаи, записници од одделенски и наставнички совети).

3. Презентирање на сопствени трудови на: интерни и надворешни обуки, стручни расправи, научни собири, одбележувања, манифестации и сл. како претставник на ООУ „ **Свети Кирил и Методиј**“ - Центар, Скопје или креирање и држење на сопствени обуки за потребите на ООУ „ **Свети Кирил и Методиј** “ - Центар, Скопје (докази: сертификати, потврди, дипломи, извештаи, копија од зборник, научно-стручно списание, листа на присутни учесници, договор за креирање и/или реализирање обука и сл).

4. Учество (како координатор или член) во различни училишни комисии, тимови и проекти кои се реализираат во ООУ „ **Свети Кирил и Методиј** “ - Центар, Скопје, а за кои не е дадена награда (докази: решенија издадени од училиштето за членови на тимови, комисии).

5. Учество во училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и конкурси (докази: потврди за учество, сертификати, список на учесници на натпреварот издаден од соодветното здружение или институција).

6. Освоени награди од општински, регионални, државни и меѓународни натпревари и конкурси (докази: дипломи, пофалници, ранг табели на здруженија/организатори на натпревари).

7. Планирање, организирање и реализација на вонаставни и слободни активности и активности од јавен карактер за афирмација на училиштето (учество во прослави на општината, настап во медиуми и сл.) (доказ: архивирани извештаи и записници од реализирани активности, записници од наставнички совети, фотографии, видео записи, благодарници, потврди за учество).

8. Работа со ученици од ранливи категории, емоционални проблеми, кои потекнуваат од социо-депривирачки средини, ученици со ПОП и потешкотии (докази: потврда од УИТ, ученичко портфолио, записници од консултација со стручни соработници и лица, родители).

9. Редовно и навремено извршување на редовните работни обврски (редовност на работа, планирања, реализација на наставата, држење додатна и дополнителна настава) (докази: потврда од стручна или раководна служба за редовност на работа, редовно реализирање на настава, квалитет на настава, архивирани извештаи за реализација на додатна и дополнителна настава).

10. Вклучување на претставници од родителите или локалната заедница во воспитно-образовниот процес (докази: извештаи, записници од одделенски и наставнички совети).

Критериумите се однесуваат за тековната учебна година за која се распишува конкурсот. Доказите кои треба да се поднесуваат треба да бидат за учебната година за која се распишува конкурсот.

Критериумите се бодуваат според Табелата со индикатори дадена во Прилог 1.

**Член 11**

Номинирањето на кандидатите стручни соработници за наградување и пофалување на работата се вреднува по следниве **Критериуми**:

1. Учество (како слушател) во интерни и надворешни работилници, обуки, семинари и конференции и друг вид на настани за професионален развој (докази: сертификати, потврди, дипломи, листа за присуство, договор за учество во проект).

2. Држење обука/предавање за дисеминација на обуки, семинари, вебинари и сл. настани за професионален развој задолжително на ниво на училиште, а може и пошироко (докази: сертификати, извештаи, записници од одделенски и наставнички совети).

3. Презентирање на сопствени трудови на: интерни и надворешни обуки, стручни расправи, научни собири, одбележувања, манифестации и сл. Како претставник на ООУ „ **Свети Кирил и Методиј** " - Центар, Скопје или креирање и држење на сопствени обуки за потребите на ООУ „ **Свети Кирил и Методиј** " - Центар, Скопје (докази:сертификати, потврди, дипломи, извештаи, копија од зборник, научно- стручно списание, листа на присутни учесници, договор за креирање и/или реализирање обука и сл).

4. Учество (како координатор или член) во различни училишни комисии,

тимови и проекти кои се реализираат во ООУ „ **Свети Кирил и Методиј** “ - Центар, Скопје, а за кои не е дадена награда (докази: решенија издадени од училиштето за членови на тимови, комисии).

5. Уредно водење на педагошка евиденција и документација.

6. Континуирана соработка со наставници, ученици, родители.

7. Учество во училишни организации и манифестации.

8. Редовно и навремено извршување на редовните работни обврски (редовност на работа, планирања, реализација на месечните активности) предвидени во сопствените годишни програми за работа (докази: анкети, работилници, советувања, статистички и табеларни извештаи, споредбени анализи, записници).

9. Соработка со локалната заедница и други институции и организации со цел унапредување на воспитно-образовниот процес (докази: извештаи, записници, покани, електронски пораки, медиуми, фотографии, видео записи).

10. Работа со ученици со социјален ризик и ученици од ранливи категории, емоционални проблеми, кои потекнуваат од социо-депривирачки средини, ученици со ПОП и потешкотии (докази: потврда од УИТ, ученичко портфолио, записници од консултација со стручни соработници и лица, родители).

Критериумите се однесуваат за тековната учебна година за која се распишува конкурсот. Доказите кои треба да се поднесуваат треба да бидат за учебната година за која се распишува конкурсот.

Критериумите се бодуваат според Табелата со индикатори дадена во Прилог 2.

**Член 12**

Кандидатот за наградување и пофалување на работата на наставниците и стручните соработници треба да ги исполнува критериумите кои се пропишани во членот 10, а стручниот соработник од членот 11.

**Член 13**

За пофалени и наградени наставници и стручни соработници се избираат кандидатите кои ќе имаат најмногу поени согласно пропишаните критериуми.

**Член 14**

Обврска на училишната комисија е да ги разгледа приложените документи и докази на конкурираните наставници и стручни соработници, да изврши рангирање врз основа на освоените поени и да даде до директорот предлози за наградување.

**Член 15**

Директорот и претседателот на училишната комисија резултатите од изборот ги соопштуваат на Наставнички совет кој го потврдува изборот на пофалени и наградени наставници и стручни соработници.

**Член 16**

Директорот ги информира Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор за наградените кандидати.

**Член 17**

Во случај на повеќе кандидати со исти поени, комисијата предлага, а Наставничкиот совет утврдува дали ќе бидат избрани сите или ќе ја врати постапката на повторно разгледување до комисијата.

**Член 18**

Наставниците и стручните соработници кои сметаат дека е направен неправилен избор, во рок од 5 дена можат да поднесат приговор до Училишниот одбор, а конечната одлука ја носи Училишниот одбор.

**Член 19**

Наградите се доделуваат задолжително во вид на: Признание, Диплома, Пофалница и материјална награда (зависно од материјалната положба на училиштето).

**Член 20**

Доделувањето на наградите го врши Директорот на училиштето, на свечена пригода (5 октомври Меѓународниот ден на просветните работници).

**Член 21**

За секоја награда се врши евиденција во училиштето.

Тим за изработка на правилникот:

Одобрил

Директор

Гордана Букревска

Соња Кирковска

Александра Крстова